Емсаль И.

14-07-2021

03 18443/1

**Република Северна Македонија**
**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Андреја Буневски**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот граѓански суд Скопје**
**и Основниот кривичен суд Скопје**
**ул.Њуделхиска бр.4-2/1**
**тел. 02/3290-131; 071-354-200**

**Образец бр.66**

**И.бр.1157/2021**

Димитар Наумоски како заменик на Извршителот Андреја Буневски од Скопје, врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ХАЛК БАНКА АД Скопје со ЕДБ 4030993162028 и ЕМБС 4627148 и седиште на ул.Св.Кирил и Методија бр.54, засновано на извршната исправа Нотарски Акт ОДУ.бр.223/15 од 09.09.2015 година на Нотар Ана Петровска од Скопје, против заложниот должник [redacted], со ЕМБГ [redacted] и живеалиште на ул.Дижонска 13 бр.47, за спроведување на извршување, на ден 13.07.2021 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста запишана во Имотен лист бр.959279 за КО Чаир при АКН – Центар за катастар на недвижности Скопје, како и соодветен дел од недвижноста во заедничка сопственост запишана во Имотен лист бр.92523 за КО Чаир при АКН – Центар за катастар на недвижности Скопје со следните ознаки: Стан на адреса ЛАЗАР ТРПОВСКИ ББ, со површина од 70 м², која лежи на КП.бр.2377 дел 2, зграда 1, влез 5, кат 8, број 28, запишан во Имотен лист бр.959279 за КО Чаир при АКН – Центар за катастар на недвижности Скопје, Помошни површини (тераса, лоѓија, балкон) на адреса ЛАЗАР ТРПОВСКИ ББ, со површина од 4 м², која лежи на КП.бр.2377 дел 2, зграда 1, влез 5, кат 8, број 28, запишан во Имотен лист бр.959279 за КО Чаир при АКН – Центар за катастар на недвижности Скопје, градежно изградено земјиште на викано место ЛАЗАР ТРПОВСКИ, со површина од 1635 м², која лежи на КП.бр.2377 дел 2, запишан во Имотен лист бр.92523 за КО Чаир при АКН – Центар за катастар на недвижности Скопје, земјиште под зграда на викано место ЛАЗАР ТРПОВСКИ, со површина од 1871 м², која лежи на КП.бр.2377 дел 2, запишан во Имотен лист бр.92523 за КО Чаир при АКН – Центар за катастар на недвижности Скопје која се наоѓа во сопственост на заложниот должник [redacted] со ЕМБГ [redacted] и живеалиште на ул.Дижонска 13 бр.47.

Продажбата ќе се одржи на ден 30.07.2021 година во 12:00 часот во просториите на извршител Андреја Буневски од Скопје на ул.Њуделхиска бр.4-2/1 Почетната вредност на недвижноста изнесува 2.221.013,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање. Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености:

Заснована хипотека во корист на доверителот ХАЛК БАНКА АД Скопје, врз основа на Нотарски Акт (извршна исправа) ОДУ.бр.223/15 од 09.09.2015 година на Нотар Ана Петровска од Скопје, за износ од 58.000 ЕМУ (EU).

Налог за извршување врз недвижност И.бр.1157/2021 од 05.05.2021 година на Извршител Андреја Буневски.

Заложниот должник кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан не го задржува правото да домува тука и е должен зградата односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на заклучокот за предавање во владение на недвижност, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, односно износ од 222.101,00 денари. Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.240010001043021 депонент во Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, најдоцна 1 (еден) ден пред продажбата. Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот. На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање. Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средстгва во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората. Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Димитар Наумоски како заменик на
Извршител Андреја Буневски

X

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИМИТАР НАУМОСКИ
заменик на извршител
АНДРЕЈА БУНЕВСКИ
за подрачјето на Основните
судови Скопје 1 и Скопје 2

Д.-на: Доверител
Заложен Должник
Град Скопје - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци
Архива на извршител

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до месно надлежен суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.